Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-1193/6
05-06-2013 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр. 136/07 ,130/08 ,97/10, 53/11, 185/11) , пречистен текст Сл.весник бр.24/12, член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје и врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-1193/3 од 04.06.2013г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-1193/4 од 04.06.2013г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.03/2013 за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда
## за Набавка на стоки-Уреди за регулирање на температура во систем сала и во останати простории, клими уреди и панел плочи за греење

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-1193/3 од 04.06.2013г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-1193/4 од 04.06.2013г. по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.03/2013 од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-1193/2 од 22.05.2013г. за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, за Набавка на стоки - Уреди за регулирање на температура во систем сала и во останати простории, клими уреди и панел плочи за греење, Договорот за јавна набавка се доделува на:

**„РИПРОМ ТРАДЕ " ДООЕЛ**
**Бул. „ Авној " бр.70 Скопје**
**Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го

извести понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за финансии за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост СКОПЈЕ

**доставено до**:

- Сектор за финансии,
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива

изготвил: Лидија Пејоска

одобриле: Љубица Лозановска

Светлана Сотировска

Јанко Михајловски